ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

До
Царинска Управа на Република Северна Македонија
Г-дин Анастас Маженковски

До
Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Г-ѓа Даниела Дамјаноска
Г-дин Борис Панзов

Бр. 11/1 - 3053/20
29.12.2020

Скопје, 29.12.2020

Почитувани,

Во врска со најновиот Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите кој е достапен за коментари и забелешки преку ЕНЕР, во оваа прилика се обраќаме до Вас со цел да ја разгледате можноста за дополнување на Законот за акцизите со воведување на одредби со кои ќе се дозволи, акцизната стока по завршувањето на увозната царинска постапка, во постапка на акцизно одложување, да биде пренапатена до друг имател на акцизна дозвола/склад различен од оној при увоз во рамки на нашата држава, односно да се дозволи и овозможи промена на одредиште во рамките на националното акцизно подрачје во текот на движењето на акцизната стока во постапка на акцизно одложување.

Економските оператори кои се иматели на акцизна дозвола со оваа можност значително ќе ги намалат трошоците и загубите кои се поврзани со истоварот и утоварот на акцизната стока која во постапка на акцизно одложување, со промената на одредиштето во рамките на националното акцизно подрачје, ќе може да се движи помеѓу акцизни складови на различни иматели на акцизна дозвола.

Согласно нашето барање Ве молиме, покрај посоченото дополнување на Законот за акцизите да ја дополните аналогно и соодветната подзаконска регулатива како и да овозможите соодветно прилагодување и на Системот за движење и контрола на акцизни добра.

Со Почит,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје Акционерско друштво

Анета Стоименова
Заменик Директор за домашен пазар